## КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

Почитувани,

Согласно членот 51, Начин на бодување, односно, одредување на пласман од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, поточно членовите:

51.1 Начинот на бодување и одредување на пласман на екипите во Системот на натпреварување се врши врз основа на одредбите од Официјалните кошаркарски правила на ФИБА (Додаток Д), Правилникот за натпреварување и Пропозиции за натпреварување во сениорските лиги, и

51.2 Начинот на одредување на пласман ќе се применува во пресек на првенството (лига прв дел) и на крајот на првенството по одигрување на сите натпревари од првиот и вториот дел на лигата, Ве известувам:

**Согласно службените кошаркарски правила, под точка Д, Пласман на екипите:**

Д.1.1 Екипите ќе бидат рангирани согласно нивните одиграни натпревари, поточно победени - загубени натпревари, со два (2) поена за победен натпревар, односно еден (1) поен за загубен натпревар (вклучувајќи и натпревари загубени поради недоволен број на играчи) и 0 бодови за натпревар загубен без игра.

Д.1.2 Процедурата во рангирањето на екипите важи и за сите двокружни системи.

Д.1.3 Ако две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови од нивните победени, односно загубени натпревари во лигата, само натпреварите помеѓу овие две (2), или повеќе екипи ќе одлучат за финалниот пласман.

Ако овие две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови, односно ист сооднос помеѓу победените и загубени натпревари, редоследно ќе бидат земени предвид следниве критериуми:

- Подобра кош разлика од натпреварите одиграни помеѓу нив,
- Поголем број постигнати поени на натпреварите одиграни помеѓу нив,
- Подобра кош разлика од сите одиграни натпревари во лигата,
- Поголем број постигнати поени на сите одиграни натпревари во лигата.

Ако и после овие критериуми сè уште е изедначен нивниот пласман на табелата, ќе се земе предвид моменталниот пласман на табелата.

Д.1.4 Ако со било кој од овие критериуми се рангира една, или повеќе екипи, процедурата од точката Д.1.3 ќе се повтори од почетокот за сите останати екипи кои не се рангирани.

Рангирање во Вторaта лига – мажи, сезона 2024/25 година

| Врора лига мажи – После 22 одиграни кола | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | екипа | он | поб | пор | кд | кп | кр | бод |
| 1 | МАЦАРИ | 22 | 18 | 4 | 1961 | 1637 | 324 | 40 |
| 2 | АНГЕЛИ | 22 | 18 | 4 | 1868 | 1554 | 314 | 40 |
| 3 | СОКОЛИ 1933 | 22 | 17 | 5 | 1886 | 1714 | 172 | 39 |
| 4 | ЦРН ДРИМ | 22 | 13 | 9 | 1816 | 1874 | -58 | 35 |
| 5 | МЗТ УНИ БАНКА | 22 | 12 | 10 | 1662 | 1664 | -2 | 34 |
| 6 | БУТЕЛ | 22 | 11 | 11 | 1724 | 1695 | 29 | 33 |
| 7 | БОРЕЦ БАСКЕТ | 22 | 11 | 11 | 1640 | 1630 | 10 | 32 |
| 8 | ГКК ОХРИД | 22 | 10 | 12 | 1735 | 1733 | 2 | 32 |
| 9 | ВОДНО САНС | 22 | 7 | 15 | 1938 | 2050 | -112 | 29 |
| 10 | МЕГА БАСКЕТ | 22 | 6 | 16 | 1613 | 1762 | -149 | 28 |
| 11 | СТРУМИЦА ФМП | 22 | 6 | 16 | 1548 | 1751 | -203 | 28 |
| 12 | РАБОТНИЧКИ 2018 | 22 | 3 | 19 | 1581 | 1908 | -327 | 25 |

| Втора лига мажи – конечен пласман по одигрување на плеј офот сезона 2024/25 | |
|---|---|
| # | екипа |
| 1 | МАЦАРИ |
| 2 | АНГЕЛИ |
| 3 | СОКОЛИ 1933 |
| 4 | МЗТ УНИ БАНКА |
| 5 | ЦРН ДРИМ |
| 6 | БУТЕЛ |
| 7 | БОРЕЦ БАСКЕТ |
| 8 | ГКК ОХРИД |
| 9 | ВОДНО САНС |
| 10 | СТРУМИЦА ФМП |
| 11 | МЕГА БАСКЕТ |
| 12 | РАБОТНИЧКИ 2018 |

Поздрав,

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ